РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 01-10101/1
26-10-2026 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024) и член 37 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 89/2022, 274/2022 208/2024, 193/2025 и 96/2026), Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, на ден 26.10.2026 година, донесе

ПРАВИЛНИК

за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта бр. 02-11513/1 од 29.11.2017 година, бр. 02-4102/1 од 02.04.2018 година, бр. 02-8770/1 од 13.08.2019 година, бр.02-11571/1 од 29.10.2019 година, бр. 02-12413/1 од 02.12.2020 година, бр. 02-1826/1 од 19.02.2021 година, бр. 02-5788/1 од 04.06.2021, бр.02-2299/1 од 08.03.2022 година, бр. 02-7329/1 од 25.07.2022 година, бр. 02-2601/1 од 17.03.2023 година, бр. 02-7047/1 од 25.07.2023 година, бр 02-7293/1 од 05.07.2024 година, бр.02-8165/1 од 26.07.2024 година, бр.01-4502/1 од 14.04.2025 година, бр.01-12660/1 од 03.12.2025 година, бр. 01-1543/1 од 09.02.2026 година и бр. 01-5321/1 од 22.05.2026 година.

Член 2

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА, во точката 3.Одделение за информатички и комуникациски технологии кај работното место под реден број 18. КДР0102В01057 Советник за ИКТ, во делот број на извршители, бројот „1“ се заменува со бројот „3“.

Во точката 3. Одделение за информатички и комуникациски технологии кај работното место под реден број 20.КДР0102Г03112 Технички референт за информатички и комуникациски технологии, во делот број на извршители, бројот „2“ се заменува со бројот „1“.

Во точка 5.Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови, потточка 5.1 Одделение за инвестиции и градба на патишта, со средства од МФИ и ЕУ фондови, кај работното место под реден број 76-в. КДР0102В04003 Помлад соработник за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ, во делот број на извршители, бројот „2“ се заменува со бројот „1“.

Во точка 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, потточка 6.3 Одделение за наплата на патарина и контрола, кај работното место со реден број 99. КДР0305Б04101 Инкасант за наплата на патарина, во делот број на извршители, бројот „294“ се заменува со бројот „293“.

Во точка 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, потточка 6.4 Одделение за контрола на сообраќај, кај работното место со реден број 108-а.КДР0305Б01090 Советник за контрола на сообраќај и одржување на комјутерска опрема, во делот број на извршители, бројот „2“ се заменува со бројот „3“.

Член 3

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за јавна администрација.

Директор

Коце Трајан[illegible]

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Скопје - Shkup